# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## ООУ “Св. Кирил и Методиј“ с.Дабиље, општина Струмица

## за период од 2022 до 2024 година




**Август, 2024 год.**

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ “Св. Кирил и Методиј“ с.Дабиље, општина Струмица** |
| Адреса | с.Дабиље, општина Струмица |
| Телефон, е-пошта | 034/346-871, skolodabile@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | мај - август 2024 год. |
| Број на ученици во училиштето | 159 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Васил Бубев |
| Потпис | |
| **Одобрување од УО** | 19.09.2024 год. |
| Име и презиме | Сузана Атанасова |
| Потпис | |

Континуираното оценување на квалитетот на работењето на училиштето е суштинско за подобрување на постигањето на училиштата. Тоа ни дава поттик и ни овозможува преку различни инструменти, постапки и ресурси да ги испитаме нашите наставни практики, административните процедури, постигнувањата и целокупната училишна култура. Ни помага да ги идентификуваме областите во кои напредуваме и оние кои треба да ги подобриме за да обезбедиме квалитетно образование за нашите ученици.

Во суштината на овој процес е вклучувањето на сите чинители во училиштето. Преку самопроцена, меѓусебна процена и заедничко планирање на подобрувањето, можеме да ги искористиме нашите силни страни и да одговориме на предизвиците.

**Самоевалуацијата** на училиштето е колаборативен, инклузивен и рефлективен процес преку кој училиштето ја вреднува сопствената практика и сопствената работа, тргнувајќи од анализата на тоа што е планирано и направено и како е направено, односно процес низ кој училиштето добро се запознава самото себе и ги пронаоѓа најдобрите начини за унапредување на својата работа.

Самоевалуацијата се користи како процес за јакнење на капацитетите на училиштето со цел за напредок, развој и успех на сите чинители на воспитно-образовниот процес.

Во средиштето на процесот на самоевалуација се поставуваат следните основни прашања:

- Колку сме добри?
- Како тоа го знаеме?
- Кои се нашите силни страни?
- Кои се најважните проблеми што треба да ги решиме?

Овие прашања им помагаат на директорот и на вработените во училиштето да определат во која мера нивното училиште е успешно и подготвено да се унапредува.

За време на самоевалуацијата на училиштето, директорот, наставниците и стручните соработници, во консултација со училишниот одбор, родителите/старателите, учениците и локалната самоуправа, се вклучуваат во рефлексивно проверување на работата на училиштето, преку прибирање докази од разни извори и испитување на мислењето, ставовите и потребите на учениците, наставниците, стручните соработници и родителите/старателите. За таа цел, Училишниот одбор по предлог на директорот на училиштето формира училишна комисија за самоевалуација.

**Училишна комисија за самоевалуација :**

1. **Фросина Василева-Тошевска – училишен психолог**
2. **Зорица Бозова – спец.едукатор и рехабилитатор**
3. **Блажо Јанев – предметен наставник**
4. **Катерина Атанасовска – одделенски наставник**
5. **Душко Филев – родител**

Училишната комисија за самоевалуација, за секое подрачје на квалитет формира тим кој ќе ја спроведува самоевалуацијата во рамките на тоа подрачје. За секој тим се определува одговорно лице, кое е задолжено да го планира процесот, да управува со него и да го изготви конечниот извештај за тоа подрачје.

Тимовите треба да се едуцирани за спроведување на самоевалуацијата, особено во врска со вреднувањето на доказите и извлекувањето добри заклучоци. Секој тим, на крајот од процесот на самоевалуација, изготвува извештај за своето подрачје и ѝ го предава на училишната комисија, која подготвува конечен и интегриран извештај за сите подрачја.

Тимови за изготвување на самоевалвацијата

| **Реден број** | **ПОДРАЧЈЕ** | **КООРДИНАТОР** | **ЧЛЕНОВИ** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | Васе Велков | Слаџана Николова, Жарко Спасов, Наталија Пецанова, Катерина Атанасовска |
| **2.** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Аница Панова | Зорица Смикиќ, Зорица Иванова, Горан Потргански, Адријана Буровска-Грнчаров |
| **3.** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | Блажо Јанев | Зорица Бозова, Соња Маглешева, Костадинка Цветков, Катерина Василева |
| **4** | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | Катерина Маркова | Златко Петров, Кољо Галев, Елеонора Велкова, Роска Пецанова |

## Фази и чекори во самоевалуацијата на училиштето

Процесот на самоевалуација се одвива низ четири фази: (1) подготовка, (2) собирање податоци, (3) анализа на податоците и (4) пишување извештај.



При изготвување на самоевалвацијата се користеа материјали од обуката за ревидирање на индикаторите за квалитет на работата на училиштето.

## Цели на самоевалвацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата;
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето;
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем;
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.;
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување;
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето;
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот – процес во училиштето
- Процесот на самоевалвација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

## Очекувани резултати

- Самоевалвацијата секогаш резултира со идентификување на состојбата, со потребата за унапредување на квалитетот на наставата на ниво на училиште;
- Самоевалвацијата ја поттикнува тимската работа меѓу субјектите вклучени во воспитно-образовниот процес, се со цел подобрување на квалитетот во учењето и поучувањето;
- Податоците добиени од самоевалвацијата ќе помогнат да се откријат јаки и слаби страни во секое подрачје;
- Преку откривањето на јаките и слабите страни во секое подрачје, ќе може успешно да се планира сопствената работа, со надминување на слабостите преку изготвување на развоен план, со цел подобрување на целокупното работење на училиштето;
- Самоевалвацијата ја поттикнува мотивацијата кај наставниците и кај учениците;

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Вонннаставни активности и натпревари** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата( 62 % од испитаниците одговориле се согласувам, 30% дека целосно се согласуваат и 8% дека целосно не се согласуваат). 62% од испитаниците целосно се согласуваат, 38% се согласуваат дека се следат планирањата на наставниците,најмалку два пати во полугодието.62 % од испитаниците целосно се согласуваат, 30% се согласуваат и само 8% не се согласуваат дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирања. |

| | | |
|---|---|---|
| соработници; | | |
| | Размена на искуства и на информации при планирањата. | 54% од испитаниците одговориле дека **целосно** се согласуваат додека 46% се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; распоред на часови; е- дневник; педагошка евиденција и документација; списоци и извештаи од реализирани обуки; записници од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; ученици, родители; дискусии во фокус | Реализација на наставни планови и програми | Во текот на учебната година 79% од анкетираните родители целосно се согласуваат , 18 % се согласуваат и 3% не се согласуваат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.80% од родителите целосно се согласуваат, 17% се согласуват, 3% не се согласуваат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности.21% од учениците целосно се согласуваат,63% се согласуваат, 12.8 не се согласуваат и 3% воопшто не сесогласуваат дека сами ги имаат избрано слободните изборни предмети и активности во кои учествуваат. |

| | | |
|---|---|---|
| групи со ученици, наставници и родители; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од посети на наставни часови; решенија за инклузивен тим на училиштето; изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби; записници од состаноци на училишните тимови за инклузија и инклузивните тимови за ученик; извештаи и записници од тимови за училишна интеграција (ТУИ), | Избор на задачи, активности и на ресурси | 62% од испитаниците **наставници** целосно се согласуваат, 30% се согласуваат, 8% целосно не се согласуваат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература.62% од анкетираните **ученици** за истото прашање одговориле дека целосно се согласуваат,34 % се согласуваат,5 % не знаат или немат информација.58% од **родителите** целосно се согласуваат, 30% се согласуваат,10% не се согласуваат и 2% не знаат или немат информација дека нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби |

| | | |
|---|---|---|
| извештаи од реализирани активности за меѓуетничка интеграција; материјали од постапката за определување изборни/слобод ни изборни предмети и активности; планирања за изборни предмети. | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | На прашањето дали во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми, 46% од **наставниците** одговориле дека целосно се согласуваат додека 54% од нив се согласуваат.<br>77% од наставниците целосно се согласуваат, додека 23% се согласуваат дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе.<br>38% од наставниците целосно се согласуваат,62% се согласуваат дека на часовите учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив.<br>85% од наставниците целосно се согласуваат , 15 % се согласуваат дека ги разбираат проблемите и потребите на учениците и дека кон нив се однесуваат со почитување.<br>49% од **учениците** целосно се согласуваат,44% се согласуваат и 7% не се согласуваат дека наставниците ја прават содржината од предметите интересна.<br>56% целосно се согласуваат, 36% се согласуваат,3% воопшто не се согласуваат, 5% не знаат дека на најголем број од часовите, сите ученици се активно вклучени во наставата.<br>64% целосно се согласуваат,31% се согласуваат и 5% не се согласуваат дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари и во различни проекти.<br>69% целосно се согласуваат, 28% се согласуваат и само 2 % не се согласуваат дека наставниците однапред објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена. |

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Асистивната технологија со која располага училиштето не ги задоволува целосно потребите на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците, во училниците и тоалетите не се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено. |

| | | |
|---|---|---|
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО.<br>46% од **наставниците** целосно се согласуваат и се согласуваат додека 8% немат информација дека реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.<br>28% од **родителите** целосно се согласуваат,30% се согласуваат,13% не се согласуваат,3% целосно не се согласуваат и 26% немаат информација дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици.<br>46% од **учениците** целосно се согласуваат,20% се согласуваат,18% не се согласуваат,8% целосно не се согласуваат и 8% немаат информација дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште). |

| **Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета со учениците, родителите и наставниците; разговор со стручна служба; увид во евиденцијата на стручните соработници. | Средина и атмосфера за учење | 38% од **наставниците** целосно се согласуваат,54% се согласуваат 8% не се согласуваат дека во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор.<br><br>100% од **наставниците** целосно се согласуваат дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати и за вложениот труд.<br><br>79% од **родителите** целосно се согласуваат,13% се согласуваат,3% не се сеогласуваат и 5% не знаат дека нивните деца слободно може да се изразуваат за време на часовите.<br><br>59% од **родителите** целосно се согласуваат,36% се согласуваат,5% не знаат дали на нивните деца повеќето часови им се интересни.<br><br>74% од **родителите** целосно се согласуваат,17% се согласуваат,3% не се согласуваат,3% целосно не се согласуваат и 3% немаат информација дека училиштето е безбедна средина за нивните деца.<br><br>74% од **родителите** целосно се согласуваат,20% се согласуваат,3% не се согласуваат, 3% немаат информација дека училиштето е мотивирачка средина за нивните деца.<br><br>60% од **родителите** целосно се согласуваат,37% се согласуваат,3% немаат информација дека ги пофалуваат нивните деца за постигнатите резултати,вложениот труд и им даваат насоки како подобро да учат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | 54 % од испитаниците **наставници,** целосно се согласуваат, 46% се согласуваат дека задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>64 % целосно се согласуваат,25 % се согласуваат,3% не се согласуваат и 8 % целосно не се согласуваат на предходното прашање од анкетираните **родители .** |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Програма за работа на училиштето; распоред за додатна и дополнителна настава; списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава; правилник за оценување и напредување на учениците; интерен правилник за оценување; увид во педагошката евиденција и документација; користените инструменти за оценување; примери на оценети ученички трудови; записници од стручните активи, наставничкиот совет; анкети/интервјуа со учениците и | Училишна политика за оценување | 85% од анкетираните **наставниците** целосно се согласуваат, 15% се согласуваат дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките и им даваат насоки како поуспешно да учат.<br><br>59% од **учениците** целосно се согласуваат,41% се согласуваат дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена.<br><br>39% од **учениците** целосно се согласуваат,39% се согласуваат,18% не се согласуваат,3% воопшто не се согласуваат и 3% немаат информација дали оценувањето на сите ученици е праведно.<br><br>80% од **учениците** целосно се согласуваат,18% се согласуваат и 3% немаат информација дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења.<br><br>75% од **учениците** целосно се согласуваат,25% се согласуваат дека наставниците ги пофалуваат за нивниот труд и нивните резултати..<br><br>56% од **учениците** целосно се согласуваат,39% се согласуваат,3% не се согласуваат,3% воопшто не се согласуваат дека ако не знаат нешто на часовите,можат да ги прашат наставниците.<br><br>49% од **учениците** целосно се согласуваат,39% се согласуваат,10% не се согласуваат,5% воопшто не се согласуваат дека на часовите слободно можат да кажат што мислат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.<br><br>54% од испитаниците **наставници** целосно се согласуваат, 46% се согласуваат дека применуваат различни начини на оценување на учениците.<br><br>23% целосно се согласуваат,69% се согласуваат,8% не се согласуваат дека учениците редовно ги вклучуваат во оценувањето. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Статистичкиот преглед редовно се реализира и презентира од страна на стручната служба пред наставниците на наставнички совет. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината ќе биде презентиран на крајот на учебната година.<br><br>80% од **родителите** целосно се согласуваат,17% се согласуваат,дека редовно се известени за постигнувањата на нивните деца.<br><br>77% од **родителите** целосно се согласуваат,20% се согласуваат дека ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигнувањата на нивните деца. |

| | | |
|---|---|---|
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br><br>77% од испитаниците **наставници** целосно се согласуваат и 23% се согласуваат дека на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br><br>64% од **учениците** целосно се согласуваат,36% се согласуваат дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување.<br><br>58% од **родителите** целосно се согласуваат,26% се согласуваат,5% не се согласуваат,3% целосно не се согласуват и 8% немат информација дека наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет. |
| **Индикатор 1.5 Воннаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа;<br>програми за воннаставни активности;<br>извештај од реализирани екскурзии;<br>педагошка евиденција и документација;<br>дипломи, признанија, пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>анкети со наставници, родители, ученици и стручни соработници за воннаставни активности;<br>список на ученици вклучени во воннаставни | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.<br><br>8% од **наставниците** целосно се согласуваат,77% се согласуваат,15% не се согласуваат дека планот за воннаставни активности кои го водат, го изготвуваат заедно со учениците.<br><br>36% од **учениците** целосно се согласуваат,36% се согласуваат,13% не се согласуваат,3% целосно не се согласуваат и 13% немат информација дека во училиштето имат избор на различни воннаставни активности.<br><br>48% од **родителите** целосно се согласуваат,39% се согласуваат,15% не се согласуваат,3% немат информација дека училиштето нуди избор на различни воннаставни активности. |

| | | |
|---|---|---|
| активности; увид во социјалните мрежи итн. | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Поголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | 36% од **учениците** целосно се согласуваат,49% се согласуваат,8% не се согласуваат,5% целосно не се согласуваат и 3% немат информација дека се вклучени во воннаставните активности по нивен избор.<br><br>54% од **учениците** целосно се согласуваат,36% се согласуваат,5% не се согласуваат, и 5% немат информација дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности.<br><br>38% од **родителите** целосно се согласуваат,46% се согласуват,5% не се согласуват,8% целосно не се согласуват и 3% немат информација дека нивното дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес. |

| | | |
|---|---|---|
| | Натпревари | Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Најголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Најголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. од испитаниците.Најголем број сметаат дека најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална |

соработка со други училишта.

Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Најголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат најголем дел и од испитаниците ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план

Најголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.

Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Мал број од родителите одговориле дека нивното дете било вило вклучено во активности реализирани со ученици кои учат на различни јазици. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

Најголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.

Најголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. од испитаниците.

Најголем број сметаат дека најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.

Најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците во текот на учебната година ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.

Најголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат најголем дел и од испитаниците ученици и родители.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува

интеракција помеѓу учениците.

Најголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

**Слаби страни**

Мал број од родителите сметаат дека учениците се дел од активности кои се реализирани со ученици на

друг наставен јазик .

Нема соодветна пристапна рампа пред влезот на училиштето.

Прилагоден тоалет за учениците со физичка попреченост.

**Приоритети**

Во делот со воннаставните активности информирање на родителите за вклучување на учениците во активности заедно со ученици од други култури( од друго училиште).

Замена на постоечката пристапна рампа на влезот во училиштето со соодветна рампа спрема утврдени стандарди.

Прилагодување на тоалет за учениците со физичка попреченост.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Е-дневник; записници од родителски состаноци; анализи на постигања по квалификациски периоди; анкети со ученици,наставници, родители;интервјуа со стручни соработници, директор. | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | Ваквиот модел на проверка се користи како еден од начините да се добие јасна слика за степенот на исполнување на стандардите во образованието. Овие проверки ги спроведува државата (преку надлежни министерства или испитни центри) или се дел од меѓународни проекти (PISA,TIMSS,PIRLS) и тие се показател на некои знаења (објективно мерливите) на учениците од одредени научни дисциплини. Резултатите од екстерните проверки служат за пронаоѓање на слабостите во еден воспитно образовен систем, изнаоѓање нови, поефикасни образовни модели и креирање политики кои ќе водат кон подобрување на квалитетот на образованието во делот на наставните планови и програми или пак најчесто во промена на методологијата на работа во наставниот процес.<br>Нашето училиште беше дел од државното тестирање од примерокот за предтестирање во петто одделение во рамките на државното тестирање на 04 и 05 октомври 2023 год. Резултати од тестирањето училиштето нема добиено. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. Во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици. Доколку има ученици со посебни образовни потреби, тие се идентификуваат при упис во прво одделение и се следат во текот на учебната година во соработка со наставникот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 77% од **наставниците** целосно се согласуваат а 23% се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето.<br>92% целосно се согласуваат и 8% се согласуваат дека успеваат да ги идентификуваат надарените ученици.<br>Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение , а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник.<br><br>Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.<br>72% од **учениците** целосно се согласуваат и 26% се согласуваат дека нивните родители се постојано известувани за нивниот напредок на училиште. |
| **Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| Записници од советувања на родители и ученици; распоред и списоци за дополнителна и додатна настава; Е-дневник; | Редовност во наставата | Најголем број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.<br>80% од **родителите** целосно се согласуваат и 17% се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете. |
| | Советување на родители/старатели и ученици. | Во последните две години нема извршено советување на родители/старатели и ученици, по програмата за советување изготвена од МОН, додека секојдневно се даваат совети и насоки и по потреба разговори со учениците и родителите од страна на наставницте и стручната служба.<br>Се реализираат индивидуални и групни консултации за поддршка на родителите (начин на комуникација, поддршка во учењето, мотивирање за учење и слично ).<br><br>62% од **наставниците** целосно се согласуват ,30% се согласуваат и 8% не се согласуваат дека на родителите им дават јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето.<br><br>59% од **родителите** целосно се согласуваат ,37% се согласуват и 4% целосно не се согласуваат дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на успехот на своето дете.<br><br>62% од **родителите** целосно се согласуваат ,28% се согласуват,5% целосно не се согласуваат и 5% немат информација дека од училиштето добиваат добри совети за подобрување на однесувањето на нивното дете. |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава. | Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата. Од интервјуата со директорот и стручната служба добиени се информации дека постои недостаток од современи комјутери, SMART табли кои би се користеле во ИКТ наставата, како и изградба на нова спортска сала, нагледни средства со што би се подобриле условите за квалитена настава.<br>64% од **учениците** целосно се согласувааат, 31% се согласуваат а 5% не се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат за подобрување на нивниот успех.<br>Идентични резултати дале **учениците** и на прашањата “доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава” и “доколку не можам да го совладам материјалот,наставниците се обидуваат да ми го |

| | | |
|---|---|---|
| | | разјаснат на различни начини”.<br>47% од **учениците** целосно се согласувааат, 33% се согласуваат а 20% не се согласуваат дека доколку по некој предмет сакат да научат повеќе од предвиденото на часовите, наставниците им нудат додатни часови.<br>80% од **родителите** целосно се согласуват а 17% се согласуват дека на нивното дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа. |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

Постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди се следи континуирано. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира.

Најголем број од наставниците ги идентификуваат и даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост . Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
Најголем број од **родителите** се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете.
Најголем број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители.
Советување на родители/старатели и ученици – Најголем број од **наставниците** одговориле дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето со што се согласуваат и најголем број од анкетираните родители.
Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број **наставници** користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.
Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.

Најголем број од **учениците** се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат за подобрување на нивниот успех, доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат

дополнителна настава” и “доколку не можам да го совладам материјалот,наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини”.

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.
Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.
Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
Најголем број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.
Советите, насоките, разговорите со учениците и родителите од страна на наставниците и стручната служба дава позитивни резултати.
Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.

**Слаби страни**

Во училиштето недостасува училница опремена со комјутери за изведување на настава по информатика и работа со компјутери, современи нагледни средства (смарт табли) во две училници, со што би се подобрил квалитетот на наставниот процес и наставните часови би биле поефикасни и учениците би постигнале поголем успех.

Изградба на нова спортска сала.

**Приоритети**

Училиштето има потреба од подобрување и обезбедување на две SMART табли, лцд проектори, компјутери, кои ке послужат за квалитетна и континуирана настава на учениците .

Замена на помошната просторија во која се изведува наставата по ФЗО со нова спортска сала.

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 3.1 Училишна клима<br><br>3.2 Еднаквост и правичност<br><br>3.3 Партнерски однос со заедницата<br><br>3.4 Севкупна грижа за учениците |

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со стручните соработинции; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето;пофалби, награди, признанија и др.; написи за училиштето локални медиуми и на социјалните мрежи;решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и културата на живеење. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици и родители без разлика на етничката припадност и економскиот и социјалниот статус.<br><br>Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето.<br><br>Според анализата на документите и интервјуата, како и анкетите кои се спроведени со наставниците, родителите и учениците во училиштето има куќен ред кој е почитуван од сите засегнати страни и сите се запознати со нив. Училиштето е афирмирано во средината во која работи и за таа цел е застапено во локалните медиуми.<br>77% од **наставниците** целосно се согласуваат, 23% се согласуват дека добро соработуваат со колегите во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| правобранител. | Кодекс на однесување | Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество зеле сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред. Има кодекси на однесување и истите се поставени на видно место.<br>56% од **учениците** целосно се согласуват,33% се согласуваат,8% не се согласуваат и 3% целосно не се согласуваат дека во одделението/училиштето имат донесено заеднички правила на однесување,кои ги почитуват.<br>67% од **родителите** целосно се согласуват,24% се согласуват,3% не се согласуват,3% воопшто не се согласуват и 3% немат информација дека се запознаени со кодексот на однесување во училиштето.<br>38% од **родителите** целосно се согласуват,39% се согласуват,10% не се согласуват,5% воопшто не се согласуват и 8% немат информација дека имат можности да придонесат за развој/ажурирање на содржината на кодексот на однесување.<br>54% од **наставниците** целосно се согласуват,23% се согласуват,15% не се согласуват,8% воопшто не се согласуваат дека имат учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето.<br>62% од **наставниците** целосно се согласуват,38% се согласуват дека училиштето соодветно постапува додколку се прекрши кодексот на однесување. |

| | | |
|---|---|---|
| | Училишна клима | Учениците сакаат да одат на училиште, се чувствуваат безбедно, знаат кои се правилата и дека доколку ги прекршат истите следуваат изрекувања на педагошки мерки.<br>Родителите и наставниците исто така се искажаа за позитивна клима во училиштето.<br>68% од **учениците** целосно се согласуват,23% се согласуват,5% не се согласуват и 5% воопшто не се согласуват дека во училиштето се чувствуват сигурно и безбедно.<br>59% од **учениците** целосно се согласуват,31% се согласуват,5% не се согласуват,2% воопшто не се согласуват и 2% не знаат дека сакат да одат на училиште.<br>На прашањето дали нивното дете е прифатено и почитувано од наставниците 87% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,10% се согласуваат додека 3% не се согласуват.<br>76% од **родителите** целосно се согласуват,15% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 3% не знаат дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците.<br>80% од **родителите** целосно се согласуваат,17% се согласуваат,3% не знаат дека нивното дете сака да оди на училиште.<br>77% од **наставниците** одговориле дека целосно се согласуват додека 23% се согласуваат со тврдењето дека атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците. Сето тоа им овозможува на учениците за развојот на својата личност.<br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.<br>69% од **учениците** целосно се согласуват,28% се согласуват додека 2% воопшто не се согласуват со тврдењето дека во училиштето се чувствуваат прифатено од другите ученици.<br>72% од **учениците** целосно се согласуват,23% се согласуват и 5% не се согласуват дека се прифатени од наставниците.<br>49% од **учениците** целосно се согласуват,41% се согласуват,8% не се согласуват и 2% воопшто не се согласуват дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми.<br>69% од **учениците** целосно се согласуват,26% се согласуват,2% не се согласуват и 2% немат информација дека се запознаени со последиците доколку не ги почитуваат правилата во училиштето.<br>70% од **наставниците** целосно се согласуват,30% се согласуват дека за време на часовите има добра работна атмосфера.<br>66% од **родителите** целосно се согласуват,23% се согласуват,5% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 3% немат информација дека училиштето добро се справува со дисциплината. |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Учениците се вклучени во работата на училиштето, имаат програма за работа и се вклучени и во училишниот парламент и избран е ученик правобранител.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер.<br>Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето, меѓутоа кога меѓу учениците ќе се појават некои конфликти, повеќе се обраќаат до одд. раководители, стручната служба и директорот.<br>41% од **учениците** целосно се согласуват,50% се согласуват,5% не се согласуват и 3% целосно не се согласуват дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.<br>62% од **наставниците** целосно се согласуват и 38% се согласуват дека ги мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивен интерес. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Анкети со учениците родителите, наставници,стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од наставнички совети, критериуми и процедури за избор на првенец на генерацијата. | Познавање и почитување на правата на децата | Се анализираа повеќе извори на податоци: прашалници за наставниците, родителите и за учениците, интервју со директорот и стручната служба,како и документации од работилници.<br><br>Училиштето се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците во однос на заштита на детските права. Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.<br><br>16% од **родителите** целосно се согласуват,28% се согласуват,48% не се согласуват,13% целосно не се согласуват,15% немат информација дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето.<br><br>15% од **наставниците** целосно се согласуват,46% се согласуват,31% не се согласуват и 8% целосно не се согласуват дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата.<br><br>30% од **наставниците** целосно се согласуват,62% се согласуват и 8% не се согласуват дека на учениците им укажуваат на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето.<br><br>70% од **учениците** целосно се согласуват и 30% се согласуваат дека знаат како да постапат и каде да се обратат ако забележат прекршување на нивните права. |

| | | |
|---|---|---|
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Постојат критериуми за избор на првенец на генерација.<br><br>88% од **родителите** целосно се согласуват,12% се согласуват дека нивното дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици.<br><br>87% од **родителите** целосно се согласуват,10% се согласуват и 3% немат информација дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол,етничка припадност,религиска припадност или друго.<br><br>90% од **родителите** целосно се согласуват,10% се согласуват дека нивното дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.<br><br>61% од **родителите** целосно се согласуват,33% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.<br><br>67% од **учениците** целосно се согласуват,28% се согласуват,55% не се согласуват дека училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици и дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето,како и другите ученици.<br><br>70% од **учениците** целосно се согласуват,30% се согласуват дека имаат еднакви можности за учество во различните активностите на часовите како и другите ученици.<br><br>70% од **учениците** целосно се согласуват,25% се согласуват,5% не се согласуват, дека кога имат потреба од помош,можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник.**70% од наставниците** целосно се согласуват,30% се согласуват дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман и дека различните ранливи групи ги вклучуваат во училишните активности. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родителите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности(работилници, кампањи и сл.),извештај за работа на училиштето(полугодишен и годишен),записници од совет на родители,статут на училиштето,извештаи од организирани акции,трибини,дебати и предавања со претставници од локалната заедница,документација за добиени спонзорства и донации. | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br><br>36% од **родителите** целосно се согласуват,58% се согласуват,3% не се согласуват,3% немат информација дека мислењата и ставовите на родителите за унапредување на воспитно образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br><br>38% од **наставниците** целосно се согласуват,46% се согласуват и 8% не се согласуват и 8% немат информација дека ги поттикнуваат активно родителите да се вклучат во активностите во училиштето.<br><br>46% од **наставниците** целосно се согласуват,54% се согласуват дека ги прифаќаат аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето дава голем поттик за напредување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси, еколошки хепенинзи и други манифестации на кои нашите ученици се промовираат себеси како и нашето училиште. Училиштето има успешна соработка со локалната средина.Целта на оваа соработка е локалната средина да понуди поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето. Исто така училиштето влијае на подигање на културно – образовното ниво на месното население. Училиштето организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации.<br><br>46% од **наставниците** целосно се согласуваат,46% се согласуват и 8% целосно не се согласуваат дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети со наставниците, родителите и со учениците; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители, , записници од спроведените активности за професионална ориентација. | Превенција и заштита од насилство | Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Преземените активности придонесуваат да нема насилство во училиштето.<br><br>На тврдењето Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти 54% од **наставниците** целосно се согласуват,31% се согласуват и 15% не се согласуват.<br><br>54% од **наставниците** целосно се согласуват,38% се согласуват додека 8% не се согласуват дека во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство.<br><br>На тврдењето Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето 67% од **учениците** одговориле дека целосно се согласуват,28%се согласуват, 3% не се согласуват и 3% воопшто не се согласуват.<br><br>59% од **учениците** целосно се согласуват,33% се согласуват додека 5% не се согласуват дека во училиштето се работи на решавање конфликти и спречување насилство.<br><br>На тврдењето Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство 43% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,39% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 12% не знаат/немат информација.<br><br>56% од **родителите** целосно се согласуват 28% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 10% не знаат/немат информација дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.<br><br>53% од **родителите** целосно се согласуват 39% се согласуват,5% не се согласуват,3% целосно не се согласуват дека училиштето добро се справува при појава на насилство. |

| | | |
|---|---|---|
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол. Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства од страна на стручната служба,СВР-Струмица и Црвен крст.<br><br>На тврдењето Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето,алкохолот и наркотичните средства 51% од **учениците** одговориле дека целосно се согласуват,28% се согласуват,13% не се согласуват,3% воопшто не се согласуват и 5% немат информација.<br><br>62% од **родителите** целосно се согласуват 27% се согласуват,8% целосно не се согласуват и 3% немат информација дека во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол,пушење и дрога.<br><br>46% од **наставниците** целосно се согласуват,30% се согласуват,8% не се согласуват,8% воопшто не се согласуват и 8% немат информација дека учествуват во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење алкохол и дрога. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето секоја година ги анкетира родителите за организирана исхрана на учениците. Родителите се изјаснуваат дека не се согласуват училиштето да врши организирана исхрана, поради тоа учениците или носат храна од дома или купуваат од локалните маркети. |

| | | |
|---|---|---|
| | Хигиена и заштита од болести | Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има вработени кои имаат сертификат за давање на прва помош, и има кутија со потребните медицински средства за прва помош, поставена на видно место во училиштето.<br><br>Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена, почнувајќи од најрана возраст да ги научи на хигиенски навики. Ходниците и скалите се чистат најмалку трипати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат после завршувањето на наставата, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден(учениците реализираат еколошки и хортикултурни активности,заедно со наставниците. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци.<br><br>60% од **родителите** целосно се согласуват ,27% се согласуват,10% не се согласуват и 3% целосно не се согласуват дека хигиената во училиштето е на високо ниво.<br><br>51% од **учениците** целосно се согласуват,41% се согласуват додека 8% не се согласуват дека училиштето е чисто и уредно. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето има поставено ПП апарати кои редовно се сервисираат. Хидрантите се функционални и има документ за извршено мерење на громобранска инсталација. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. |
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства преку анкета за социјална структура. Во соработка со општината на почетокот на учебната година се донира училишен прибор, новогодишни пакетчиња и друга материјална помош (обувки, зимски палта).<br>Веќе неколку години наназад, општината обезбедува работна облека за учениците од прво одделение.Туристичките агенции обезбедуваат попуст или бесплатна екскурзија за учениците од социјално загрозените семејства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето обезбедува реализација на настава доколку има ученици што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со родителот/старателот,наставникот или онлајн настава со ученикот доколку е во можност да ја следи таа настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето спроведува активности за социо-емоционална добросостојба на учениците. Учениците секогаш кога имаат потреба се обраќаат до стручната служба во ситуации кога имаат проблем.На децата им се потребни социо-емоционалните способности подеднакво колку и когнитивните бидејќи тие овозможуваат да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со наставникот и да се дружат со другарчињата во одделението. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на емоционалните тешкотии кај учениците. Тие се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели, или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Стручната служба има чести средби со ученици кои се соочуваат со проблеми од различна природа, а средбите најчесто се преку советодавни разговори.<br><br>78% од **родителите** целосно се согласуват ,17% се согласуват и 5% не се согласуват дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете.<br><br>56% од **родителите** целосно се согласуват, 38% се согласуват,3% не се согласуват и 3% целосно не се согласуват дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете.<br><br>64% од **учениците** целосно се согласуват,33% се согласуват додека 3% не се согласуват дека можат слободно да барат совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето.<br><br>62% од **учениците** целосно се согласуват,35% се согласуват додека 3% не се согласуват дека во училиштето добиват поддршка и помош при решавање на некој проблем.<br><br>77% од **наставниците** целосно се согласуват,23% се согласуват дека учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето има изготвено Програма за професионално информирање и ориентирање на учениците по завршување на основното образование, според која работи со учениците од деветто одделение. Еднаш во годината се прави испитување на желбите и интересите на учениците за продолжување на своето образование во некои од средните училишта во општината и пошироко.<br>За продолжување на образованието на учениците во некое од средните училишта со учениците од деветто одделение од страна на стручната служба се прават презентации околу професионалното информирање на учениците, се спроведува анкета за да се видат какви се желбите и интересите на учениците за продолжување на нивното средно образование. Училиштето ги повикува средните училишта во градот да направат презентација на струките кои ги имаат во своето училиште и да им објаснат на учениците кои се условите за запишување во дадените струки.<br>58% од **родителите** целосно се согласуват 33% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 3% не знаат/немат информација дека уќилиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците. |

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Учениците имаат ученички парламент и учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и вонннаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, додека дел од родителите на ова прашање одговориле дека не се согласуваат дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата. Во училиштето се постои еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап кон сите ученици во училиштето. Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и вонннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се организираат едукативни предавања за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести.Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.<br>Педагошко-психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за нивната добросотојба и менталното здравје на учениците.<br>Стручната служба во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование. |

**Силни страни**

Во училиштето има позитивна клима за реализација на воспитно-образовниот процес.

Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознаени учениците, наставниците, родителите и останатите вработени.

Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.

Учениците имаат ученички парламент и ученик правобранител кои учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми.

Училиштето, за афирмирање на наставните и на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми(социјални мрежи, локални медиуми, ученичко катче и сл.)

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.

Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства преку анкета за социјална структура. Училиштето спроведува активности и се грижи за социо-емоционална добросостојба на учениците.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>Недоволна вклученост на родителите во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето.<br><br>Намалување на појавите на насилство меѓу учениците преку дополнување на видео надзорот во дел од ходниците во училиштето.<br><br>На локално ниво треба да се посвети внимание на подобра едукација во однос на дополнителни избори за храна. |
| **Приоритети**<br><br>Вклучување на родителите во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето.<br><br>Поставување на видео камери на дел од ходниците во училиштето.<br><br>Во соработка со општина треба да се посвети внимание на едукација во однос на дополнителни  извори за храна, да се промовираат можности за поздрава храна во училиштата, и овозможен избор за понудувач на храна за учениците. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

| Собирање податоци | | |
| --- | --- | --- |
| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Програма за работа на училишниот одбор;<br>деловник за работа на училишниот одбор;<br>статут на училиштето;<br>записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор;<br>развојна програма на училиштето;<br>програма за работа на директорот;<br>докази за учество на обуки; | Управување со училиштето | Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на целокупниот воспитно- образовен процес.<br>Училишниот одбор во нашето училиште го сочинуваат 7 члена и тоа:<br>- 1 претставник од основачот,<br>- 3 претставници од родителите и<br>- 3 претставника од наставниците.<br>Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.<br>Училишниот одбор редовно свикува состаноци предвидени со програмата но понекогаш и дополнително по интерна потреба во училиштето. Членовите на училишниот одбор за состаноците се известуваат писмено со покани или по електронски пат најмалку два дена пред одржување на состаноците.<br>На состаноците се води записник со однапред одреден записничар. Записниците во деловодникот книга се заверуваат.<br>Според програмата за работа на Училишниот одбор се разгледува: Годишната програма за работа на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето,програмите и извештаи од реализирани и успехот и поведението на учениците, се состанува при разгледување на приговори и жалби од страна на вработените и учениците. Разгледува предлог финансиски план за користење средства во училиштето за тековната година и го доставува до основачот. Се состанува и дава свое мислење по објавени огласи за прием на наставници, директор и друг кадар во училиштето.<br>Донесува одлуки за годишен попис на постојните средства, побарувања, обврски и завршна сметка.<br>На тврдењето Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности на училиштето 34% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,58% се согласуват,8% не се согласуват,5% целосно не се согласуват и 5% немат информација.<br>52% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,37% се согласуват,3% не се согласуват и 8% немат информација дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки. |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со училиштето | Раководниот орган – на училиштето е директорот кој е обврзан според Закон за основно образование да има годишна програма за неговата работа која влегува и во склоп на годишната програма за работа на училиштето. Работата на директорот е пред се насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите предвидени со програмата. Раководниот орган редовно одржува состаноци во текот на учебната година преку Наставнички совет, Совет на одделенски и предметни наставници, со стручните активи на училиштето како и со Советот на родители. Ја следи работата на вработените во училиштето.<br><br>На тврдењето Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање 69% од **наставниците** одговориле дека целосно се согласуват додека 31% се согласуват.<br><br>Директорот работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. |

| | | |
|---|---|---|
| | Управување и раководење со ресурсите | Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден. Библиотеката има пристап до интернет. Училишната библиотека располага со 9353 учебници и друга литература,1481 лектира и 403 изданија стручна литература.<br>На тврдењето ,,Училиштето ми го обезбедува потребниот материјал за реализација на наставните и вонnаставните активности,, 38% од анкетираните **наставници** одговориле дека целосно се согласуват додека 62% се согласуват.<br>80% од **учениците** одговориле дека целосно се согласуват,18% се согласуват додека 3% не се согласуват со тврдењето дека Можат да земам книга/лектира од училишната библиотека во секое време.<br>56% од **учениците** целосно се согласуват,41% се согласуват додека 3% не се согласуват дека библиотеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера.<br>85% од **родителите** целосно се согласуват,12% се согласуват додека 3% не се согласуват дека училишната библиотека е достапна за сите ученици. |
| | Раководење со кадарот | Во нашето училиште има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Родителите во поголем број се изјасниле дека наставниот кадар е соодветен. Наставниците секогаш се поддржани од страна на училиштето за кариерно напредување и дополнително ангажирање, но, не се наградени.<br><br>54% од **наставниците** целосно се согласуват и 46% се согласуват дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.<br><br>62% од **наставниците** целосно се согласуват и 38% се согласуват дека во училиштето се поттикнати стручно да се усовршуваат.<br><br>77%% од **наставниците** целосно се согласуват и 23% се согласуват дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетно работење на наставниците.<br><br>71% од **родителите** целосно се согласуват,26% се согласуват и 3% не се согласуват дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Врз основа на анкетните прашалници и дискусиите спроведени со наставниците, стручни соработници и директорот заклучивме дека најголем број на наставници се изјасниле дека имаат посета од директорот и стручните соработници најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација.За успешноста на реализацијата на часот и доколку има забелешки и констатирани слабости на тоа се укажува за во иднина да се коригираат. Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка. Реализацијата на наставната содржина по наставни предмети е усогласена со планирањата на наставниците во годишните и тематско- процесното планирање.<br><br>54% од **наставниците** целосно се согласуват,38% се согласуват и 8% не се согласуват дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие.<br><br>69% од **наставниците** целосно се согласуват,31% се согласуват дека за нивните следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација. |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| Развојна програма на училиштето;<br>годишна програма за работа на училиштето;<br>анкети/интервјуа со директорот,стручните соработници, наставниците, родителите, учениците;<br>записници од училишниот одбор, советот на родители, наставничкиот совет;<br>активности и програма за работа на училишната библиотека. | Процедури за креирање на училишната политика | Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>- меѓуетничка интеграција,<br>- намалување на насилството во училиштата,<br>- намалување на семејното насилство,<br>- недискриминација,<br>- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>- еколошко образование<br>- грижа за здравјето и исхраната на учениците<br>- безбеден пристап до интернет<br>- безбедно користење на фотографиите на учениците<br>- однесувањето и дисциплината на учениците<br>- евакуирање во случај на опасност<br>- следење и оценување на учениците<br>- промовирање на постигањата на учениците<br>- грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- реализирање на хуманитарни акции<br><br>На тврдењето Во училиштето се практикува соработка помеѓу,воспитно-образовниот кадар,учениците и родителите при донесувањето одлуки 61% од **наставниците** одговориле дека целосно се согласуват,31% се согласуват додека 8% не се согласуват. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од развојно планирање | При изготвување на развојното планирање учествуваат сите субјекти и тоа: наставниците,стручните соработници, директорот, родителите, учениците и претставник од локалната заедница, преку нивно анкетирање и одговарање на прашалници.Соработката на сите овие чинители задоволува . Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот е донесен за период 4 години. Подрачја на промени и приоритети се: организација и реализација на наставата, училишниот менаџмент, училишната култура, училишната клима, усовршување и професионален развој на наставниците, комуницирање и односи со јавноста.<br><br>69% од **наставниците** целосно се согласуват,31% се согласуват дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.<br><br>46% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,58% се согласуват,3% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 10% немат информација дека се информирани од страна на претставникот од советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период.<br><br>59% од **учениците** целосно се согласуват,29% се согласуват и 5% не се согласуват дека се информирани за активностите кои ги планира училиштето за следниот период. |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето на секои три месеци(квартално) доставува извештаи до општината за трошењето на буџетските средства. На почетокот на секоја година училиштето доставува Финасиски план за училишниот буџет, за распределување на финансиските средства. Финансискиот план го одобрува Училишниот одбор и Советот на општината.Буџетот во училиштето се користи наменски и за цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.<br><br>23% од **наставниците** одговориле дека целосно се согласуват,31% се согласуват, 23% не се согласуват и 23% немат информација како се троши буџетот на училиштето.<br><br>26% од **родителите** одговориле дека целосно се согласуват,8% се согласуват,12% не се согласуват,3% целосно не се согласуват и 51% немат информација како се троши буџетот на училиштето. |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| **Опис/резиме на подрачјето** |
| --- |
| Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници.<br><br>Најголем број од родителите одговориле дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности на училиштето<br><br>Најголем број од родителите одговориле дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање<br>Најголем број од наставниците одговориле дека училиштето им го обезбедува потребниот материјал за реализација на наставните и воннаставните активности<br>Најголем број од учениците одговориле дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време.<br>Најголем број од родителите одговориле дека училишната библиотека е достапна за сите ученици<br>Најголем број од родителите одговориле дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие<br>Најголем број од наставниците одговориле дека за нивните следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека во училиштето се практикува соработка помеѓу,воспитно-образовниот кадар,учениците и родителите при донесувањето одлуки. |

Најголем број од наставниците одговориле дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.

Најголем број од учениците одговориле дека се информирани за активностите кои ги планира училиштето за следниот период.

**Силни страни**

Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности на училиштето

училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.
Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање
Училиштето обезбедува потребен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности
Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време
Училишната библиотека е достапна за сите ученици
Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови
Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.
Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови на секој наставник, во текот на едно полугодие.
За успешноста на реализацијата на часот и доколку има забелешки и констатирани слабости на тоа се укажува за во иднина да се коригираат.
Во училиштето постои соработка со сите субјекти (наставници,родители, ученици)со цел да се воспостави систем на чесен менаџмент во водењето на училиштето со цел да се постигне квалитетно и професионално извршување на секојдневните задачи и обврски.
Обезбедување на навремена и потполна информираност на наставниците за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.

Информираност на учениците за активностите кои ги планира училиштето за следниот период.

| **Слаби страни** |
| --- |
| Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа определен процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.<br><br>Наставниците добиваат признанија од страна на училиштето за покажаните резултати во афирмација на училиштето, но според Правилникот за пофалби и награди донесен од Училишниот одбор според Кодексот на однесување на наставниците, тие не се наградувани. |
| **Приоритети**<br><br>Поголема информираност на родителите и наставниците во училиштето за тоа како се троши буџетот<br><br>Воспоставување на механизми за наградување на наставниот кадар според вложениот труд |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

| |
| --- |
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на ООУ “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље, о.Струмица за период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20 член 129 ) Општинското основно училиште “Св.Кирил и Методиј“ с.Дабиље,о.Струмица изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 19.09.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај – август 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Слаџана Николова, Жарко Спасов, Наталија Пецанова, Катерина Атанасовска,Васе Велков |

| | |
|---|---|
| 2. Постигања на учениците | Зорица Смикиќ, Зорица Иванова, Горан Потргански, Адријана Буровска-Грнчаров, Аница Панова |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Зорица Бозова, Соња Маглешева, Костадинка Цветков, Катерина Василева, Блажо Јанев |
| 4. Управување и раководење | Златко Петров, Кољо Галев, Елеонора Велкова, Роска Пецанова, Катерина Маркова |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.08.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Најголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Најголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. од испитаниците.Најголем број сметаат дека најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.<br><br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно |

распоредот.

Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Најголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат најголем дел и од испитаниците ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план

Најголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.

Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Мал број од родителите одговориле дека нивното дете било вило вклучено во активности реализирани со ученици кои учат на различни јазици. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво.

Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со  натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

Најголем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.

Најголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. од испитаниците.

Најголем број сметаат дека најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

Најголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.

Најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците во текот на учебната година ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот.

Најголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Најголем дел од, задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.

Најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат најголем дел и од испитаниците ученици и родители.

На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува

| |
|---|
| интеракција помеѓу учениците.<br>Најголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. |
| **Слаби страни**<br>Мал број од родителите сметаат дека учениците се дел од активности кои се реализирани со ученици на<br>друг наставен јазик .<br>Нема соодветна пристапна рампа пред влезот на училиштето.<br>Прилагоден тоалет за учениците со физичка попреченост. |
| **Приоритети**<br>Во делот со воннаставните активности информирање на родителите за вклучување на учениците во активности заедно со ученици од други култури( од друго училиште).<br>Замена на постоечката пристапна рампа на влезот во училиштето со соодветна рампа спрема утврдени стандарди.<br>Прилагодување на тоалет за учениците со физичка попреченост. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди се следи континуирано. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Учеството и постигањата на вонnаставните активности континуирано се следи и евидентира. Најголем број од наставниците ги идентификуваат и даваат поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост . Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.<br>Најголем број од **родителите** се согласуваат дека континуирано се информирани за редовноста на нивното дете.<br>Најголем број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители.<br>Советување на родители/старатели и ученици – Најголем број од **наставниците** одговориле дека на родителите им даваат јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето со што се согласуваат и најголем број од анкетираните родители.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број **наставници** користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.<br>Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата.<br><br>Најголем број од **учениците** се согласуваат дека наставниците постојано ги поттикнуваат за подобрување на |

нивниот успех, доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава” и “доколку не можам да го совладам материјалот,наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини”.

**Силни страни**

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди.
Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.
Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.
Најголем број од учениците во нашето училиште се редовни на настава.
Советите, насоките, разговорите со учениците и родителите од страна на наставниците и стручната служба дава позитивни резултати.
Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава

**Слаби страни**

Во училиштето недостасува училница опремена со комјутери за изведување на настава по информатика и работа со компјутери, современи нагледни средства (смарт табли) во две училници, со што би се подобрил квалитетот на наставниот процес и наставните часови би биле поефикасни и учениците би постигнале поголем успех.

Изградба на нова спортска сала

| Приоритети |
| --- |
| Училиштето има потреба од подобрување и обезбедување на две SMART табли, лцд проектори, компјутери, кои ке послужат за квалитетна и континуирана настава на учениците .<br><br>Замена на помошната просторија во која се изведува наставата по ФЗО со нова спортска сала. |

| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Учениците имаат ученички парламент и учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и воннаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, додека дел од родителите на ова прашање одговориле дека не се согласуваат дека биле вклучени во активности за запознавање со правата на децата.Во училиштето се постои еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап кон сите ученици во училиштето. Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се организираат едукативни предавања за заштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести.Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.<br>Педагошко-психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за нивната добросотојба и менталното здравје на учениците. |

Стручната служба во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат постојана поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование.

**Силни страни**

Во училиштето има позитивна клима за реализација на воспитно-образовниот процес.

Училиштето има кодески за однесување и куќен ред со кој се запознаени учениците, наставниците, родителите и останатите вработени.

Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.

Учениците имаат ученички парламент и ученик правобранител кои учествуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми.

Училиштето, за афирмирање на наставните и на воннаставните активности соодветно ги користи различните медиуми(социјални мрежи, локални медиуми, ученичко катче и сл.)

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности, организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците.

Училиштето има еднаков и правичен пристап кон сите ученици.
Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства преку анкета за социјална структура. Училиштето спроведува активности и се грижи за социо-емоционална добросостојба на

| |
|---|
| учениците.<br><br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. |
| **Слаби страни**<br><br>Недоволна вклученост на родителите во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето.<br><br>Намалување на појавите на насилство меѓу учениците преку дополнување на видео надзорот во дел од ходниците во училиштето.<br><br>На локално ниво треба да се посвети внимание на подобра едукација во однос на дополнителни избори за храна. |
| **Приоритети**<br><br>Вклучување на родителите во активности за запознавање со правата на децата организирани од училиштето.<br><br>Поставување на видео камери на дел од ходниците во училиштето.<br><br>Во соработка со општина треба да се посвети внимание на едукација во однос на дополнителни извори за храна, да се промовираат можности за поздрава храна во училиштата, и овозможен избор за понудувач на храна за учениците. |

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите. Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето. Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници.<br><br>Најголем број од родителите одговориле дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности на училиштето<br><br>Најголем број од родителите одговориле дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br><br>Најголем број од наставниците одговориле дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање<br>Најголем број од наставниците одговориле дека училиштето им го обезбедува потребниот материјал за реализација на наставните и воннаставните активности<br>Најголем број од учениците одговориле дека можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време.<br>Најголем број од родителите одговориле дека училишната библиотека е достапна за сите ученици<br>Најголем број од родителите одговориле дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека директорот и стручните соработници следат најмалку два нивни наставни часови во текот на едно полугодие<br>Најголем број од наставниците одговориле дека за нивните следени наставни часови добиваат конструктивна повратна информација.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека во училиштето се практикува соработка помеѓу,воспитно-образовниот кадар,учениците и родителите при донесувањето одлуки.<br>Најголем број од наставниците одговориле дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната |

| |
|---|
| програма и динамиката на реализирање.<br><br>Најголем број од учениците одговориле дека се информирани за активностите кои ги планира училиштето за следниот период. |
| **Силни страни**<br><br>Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности на училиштето<br><br>училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>Училиштето ги информира наставниците за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирање<br>Училиштето обезбедува потребен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности<br>Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека во секое време<br>Училишната библиотека е достапна за сите ученици<br>Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и совремeнтите образовни текови<br>Наставничкиот кадар е квалификуван и е оспособен да ги превземе одговорностите во наставата и воннаставните активности согласно потребите на учениците и училиштето во целина.<br>Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови на секој наставник, во текот на едно полугодие.<br>За успешноста на реализацијата на часот и доколку има забелешки и констатирани слабости на тоа се укажува за во иднина да се коригираат.<br>Во училиштето постои соработка со сите субјекти (наставници,родители, ученици)со цел да се воспостави систем на чесен менаџмент во водењето на училиштето со цел да се постигне квалитетно и професионално извршување на секојдневните задачи и обврски.<br>Обезбедување на навремена и потполна информираност на наставниците за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма и динамиката на реализирање.<br><br>Информираност на учениците за активностите кои ги планира училиштето за следниот период. |

**Слаби страни**

Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето, но и покрај тоа одреден процент на наставници и родители се изјасниле дека не се запознати со тоа како се троши буџетот.

Наставниците добиваат признанија од страна на училиштето за покажаните резултати во афирмација на училиштет но според Правилникот за пофалби и награди донесен од Училишниот одбор според Кодексот на однесување н наставниците, тие не се наградувани.

**Приоритети**

Поголема информираност на родителите и наставниците во училиштето за тоа како се троши буџетот

Воспоставување на механизми за наградување на наставниот кадар според вложениот труд

## *Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето*

- Вклучување на родителите на учениците со давање на предлог активности и присуство при реализација на ПМИО проектот ;
- Да се обезбедат финансиски средства за изградба на адаптирана пристапна рампа пред влезот на училиштето;
- Обезбедување на финансиски средства преку изготвување на проекти за прилагодување на тоалет за ученици со физичка попраченост;
- Преку барање финансиски средства од Општина Струмица за обезбедување на компјутери за подобрување на квалитетот на ИКТ наставата и две SMART табли;
- Обезбедување на катастарско урбанистички документи потребни за изготвување на целосен проект за училишна спортска сала од мал тип, и аплицирање до МОН;
- Вклучување на родителите во заеднички активности со учениците за запознавање со правата на децата преку отворени денови во училиштето;
- Набавка на две видео камери потребни за видео надзор на дел од ходниците во училиштето;

- Едукација на родителите од страна на стручни лица околу организиран начин на исхрана од страна на училиштето;
- Запознавање на родителите со буџетот на училиштето преку претставниците од Советот на родители и Училишниот одбор на состаноци – родителски средби, додека наставниците ќе бидат информирани за истото преку Наставничкиот совет;
- Изменување и надополнување на Правилникот за пофалби и награди на училиштето со кој ќе се дефинира паричниот надомест за постигнатите резултати на училиштето од страна на наставниот кадар.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Фросина Василева-Тошевска – училишен психолог

Зорица Бозова – спец.едукатор и рехабилитатор

Блажо Јанев – предметен наставник

Катерина Атанасовска – одделенски наставник

Душко Филев – родител